# Исплатени двајца корисници на средства од ИПАРД Програмата по деветтиот Јавен повик (01/2014)

По успешната реализација на одобрените инвестиции, двајца корисници кои потпиша Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по деветтиот Јавен повик (01/2014), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 798.177 денари на корисникот Ацо Петров од Источниот плански регион за обновување на производство на зеленчук на отворено. Од вкупно исплатените средства 598.633 денари се средства од буџетот на ЕУ и 199.544 денари се национален дел.

На корисникот ИЗ САКИ-ПРОМ од с.Манастирец, Росоман исплатени се средства во износ од 217.300 денари од кои 162.975 денари се средства од буџетот на ЕУ и 54.325 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.